Уп. бр.08-85

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Бејкер Хјуз Компани (Baker Hughes Company) со седиште на 17021 Алдин Вестфилд Роуд, Хјутон, Тексас 77073, САД и Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (Saudi Arabian Industrial Investments Company) со седиште на Кинг Калед Интернешенл Еирпорт Роуд, (King Khaled International Airport Road), предна зграда N4 во Ријад, 13413-3686, Кралство Саудиска Арабија, поднесено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 28.06.2022 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Бејкер Хјуз Компани (Baker Hughes Company) со седиште на 17021 Алдин Вестфилд Роуд, Хјутон, Тексас 77073, САД и Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (Saudi Arabian Industrial Investments Company) (Дусур) со седиште на Кинг Калед Интернешенл Еирпорт Роуд, (King Khaled International Airport Road), предна зграда N4 во Ријад, 13413-3686, Кралство Саудиска Арабија, ќе основаат заедничко вложување, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 10.05.2022 година, а дополнето на 31.05.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Бејкер Хјуз Компани (Baker Hughes Company) со седиште на 17021 Алдин Вестфилд Роуд, Хјутон, Тексас 77073, САД и Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (Saudi Arabian Industrial Investments

Company) (Дусур) со седиште на Кинг Калед Интернешенл Еирпорт Роуд, (King Khaled International Airport Road), предна зграда N4 во Ријад, 13413-3686, Кралство Саудиска Арабија, со која Бејкер Хјуз Компани САД и Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (Дусур) Кралство Саудиска Арабија, ќе основаат заедничко вложување кое заеднички ќе го контролираат и ќе биде целосно функционално.

xxx

Предложената трансакција ќе се спроведе преку Договорот за претплата во врска со емисијата на нови акции во Бејкер Петролит Сауди Компани Лимитед (*Baker Petrolite Saudi Company Limited*) xxx.

По комплетирањето на предложената трансакција, Бејкер Хјуз Компани индиректно ќе поседува xxx% во заедничкото вложување, а Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (Дусур) ќе ги има xxx%.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

Бејкер Хјуз Компани е матичното друштво на групацијата на друштва за енергетска технологија со разновидно портфолио на опрема и услужни способности кои го опфаќаат енергетскиот и индустрискиот синџир на вредност кои работат во повеќе од 120 земји. Бејкер Хјуз Компани известува за своите оперативни резултати преку четири оперативни сегменти: услуги за нафтени полиња (*OFS*); опрема за нафтени полиња (*OFE*); турбомашини и процесни решенија (*TPS*); и дигитални решенија (*DS*).

Бејкер Хјуз Компани остварува приходи од продажба во Република Северна Македонија.

Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (Дусур) е стратешка индустриска инвестициска фирма без конкретни производи/услуги. Инвестира во претпријатија како многу глобални инвеститори, вклучително и големите глобално активни приватни инвеститори и инвестициски банки. Основано е врз основа на Кралски декрет на Кралство Саудиска Арабија и има мандат да ги обедини ресурсите на Кралство Саудиска Арабија за локализирање и развој на стратешки индустриски бизниси кои ќе ја забрзаат економската диверзификација на Кралство Саудиска Арабија преку заеднички вложувања и браунфилд локални и меѓународни инвестиции со водечките индустриски партнери.

Сауди Арабиан Индастриал Инвестментс Компани (Дусур) нема присуство во Република Северна Македонија.

Заедничкото вложување ќе биде активно во бизнисот со специјални хемикалии во рамки на Кралството Саудиска Арабија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**